**20120591645**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ

Врз основа на член 71, став (4 ) од Законот за Царинската управа („Службен весник на Република Македонија“ бр.46/04, 81/05, 107/07, 103/08, 64/09, 105/09, 48/10, 158/10 и 53/11), министерот за финансии донесе

# П Р А В И Л Н И К
# ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА НАЧИНОТ НА УНАПРЕДУВАЊЕ НА ЦАРИНСКИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ ВО ЦАРИНСКАТА УПРАВА

Член 1

Во Правилникот за начинот на унапредување на царинските службеници во Царинската управа („Службен весник на Република Македонија“ број 150/11), во членот (2), по зборот „постапка“ се додаваат зборовите „со спроведување на интерен оглас“.

Член 2

Во член 5 во став (1) алинејата 5, се менува и гласи:

„во последната година не бил казнуван поради кршење на работниот ред и дисциплина или неисполнување на работните обврски“.

Член 3

Во член 6 во ставовите (1) и (2) по зборовите „се истакнува“ се додаваат зборовите „или задоволува“.

Член 4

Во членот 8 по ставот (2) се додава нов став (3) , кој гласи:

„(3) Не претставува унапредување на друго работно место, и во случај ако:

- царински службеник е распореден на работно место со различно звање, од иста група, а кое според природата на работните задачи припаѓа на организациона единица различна по надлежности и
- условите за работното место на кое е распореден се исти со условите за работното место од кое е распореден.“

Член 5

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Број 11-10687/5<br>
9 мај 2012 година<br>
Скопје

Министер,<br>
м-р **Зоран Ставрески**, с.р.